ОДУ бр.378/16

Република Македонија
**НОТАР**
**ЛУИЗА ХРИСТОВА**
ул.Јане Сандански бр.1лок.29
Битола 11.05.2016 во 12.00 часот
единаесеттти мај две илјади и шеснаесетта година

# НОТАРСКИ АКТ
# ЗАПИСНИК ЗА СЕДНИЦА НА XXXVIII СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА СТОПАНСКА БАНКА АД БИТОЛА

**-извод-**

Јас Нотар Луиза Христова од Битола, именувана за подрачјето на Основниот суд Битола, со седиште во Битола на ул.Јане Сандански бр.1лок.29, потврдувам дека денес на единаесетти мај две илјади и шеснаесетта година во дванаесет часот, поради постапка за водење на записник на XXXVIII редовна седницата на Собрание на акционери на СТОПАНСКА БАНКА АД Битола со седиште во Битола на ул. Добривоје Радосавлевиќ бр.21, со ЕМБС 5026377, излегов надвор од нотарската канцаларија, во салата за конференции на Хотел Капри во Битола на ул.Довлеџик бб, врз основа на чл.383 став 3 од Законот за трговски друштва.------------------------------------------

---

Прво на акционерите им се обрати членот на Управниот одбор на банката М-р Г-ѓа Гордана Балтовска која ги поздрави присутните и ги извести акционерите дека Председателот на Управниот Одбор, Г-динот Владимир Ефтимоски е отсутен од оправдани деловни причини и не е во можност да присуствува на ова акционерско собрание, имено мора да присуствува на состанокот на Здружение на банки, кој се одржува во Стопанска комора на РМ, на кој ќе бидат присутни сите председатели на управни одбори на сите банки. Состанокот е закажан по барање на Здружение на банки и на кој ќе биде присутен Гувернерот на НБРМ Димитар Богов. Гувернерот укажа дека ако има продлабочување на економската криза, може да дојде до сериозни нарушувања на некои економски перформанси. Затоа се изработи едно алтернативно сценарио-пакет мерки, кои банките треба да ги применат, за да се одржи финансиската стабилност. Во колку се остварат најлошите предвидувања, може да дојде до пад на македонската економија од проектираните 3,5 % развој на 1.6% - забавена активност, намалена потрошувачка, намалена кредитна активност, намалување на девизните резерви. Вакво сценарио не треба да се случи, па затоа се донесени пакет мерки: наголемување на референтната каматна стапка на благајничките записи од 3,25% на 4% и зголемување на задолжителните резерви кај девизните депозити и депозитите со девизна клаузула. Сето ова за да се зачува финансиската стабилност. Затоа денешната седница на Здружение на банки е сериозна, а за постигнување на договор меѓу банките да се настапува заеднички, а не поединечно.Ова се причиите за отсуството на председателот на Управниот одбор. ------------------------------------------------------------------

Собранието на акционери го отвори Томислав Давков, кој кажа дека согласно Деловникот за работа на Собранието, Надзорниот одбор на Банката на својата 8- ма седница одржана на ден 04.04.2016 година, одлучи да се свика XXXVIII - та седница на Собранието на Банката, го утврди дневниот ред и донесе Одлука истото да се одржи на ден 11.05.2016 година.Повикот за свикување на ова Собрание, со Предлог дневниот ред се објави на интернет страницата на Банката www.stbbt@stbbt.com.mk, во дневниот весник ДНЕВНИК на 04.04.2016 година, со исправка објавена на 07.04.2016 година и на интернет страната на Македонската берза. -----------------------------------------------------------------------------------------

Материјалите за ова собрание на сите акционери им беа достапни во просториите на Стопанска банка АД Битола како и на интернет страницата на банката www.stbbt@stbbt.com.mk. ------------------------------------------------

Ги поздравува присутните претставници на акционерите на Стопанска банка а.д. Битола и гости на Собранието на Банката. -----------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во согласност со член 395, став 3, од Законот за трговски друштва, мандатот на претседавачот на собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание. На последната седница на Собранието на Стопанска Банка а.д. Битола за претседавач беше избран Томислав Давков, заради што го продолжи водењето на седницата до изборот на нов претседавач.----------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Понатаму Томислав Давков ги извести присутните дека од извршениот увид во акционерската книга добиена 48 часа пред одржувањето на собранието (09.05.2016 година во 12.53 часот) и верификуваниот список на присутни акционери, односно нивни полномошници, се констатира дека е обезбеден кворум за работа, односно од вкупно 389.981 акции со право на глас, кои се во посед на 1268 акционери, присутни се представници на 96 акционери, односно нивни полномошници кои поседувааат вкупно 274.169 акции со право на глас, што претставува 70,3% од вкупниот број на акции со право на глас. (од обичните акции). Од ова произлегува дека е обезбеден кворум за работа на ова акционерско собрание.--------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Томислав Давков кажа дека согласно Деловодникот за работа на собраните треба да се премине кон избор на Председавач на Собранието на акционери, со тоа што за председавач не може да биде избрано лице кое е член на орган на управување. -------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се преминува кон точка 2.1 од процедуралниот дел од дневниот ред, за избор на председавач, при што Томислав Давков ги повика присутните акционери да дадат предлог за Председавач со денешната седница на собранието. ---------
За збор се јави Нада Даркова која предложи за Председавач со ова собрание на акционери да биде избран Томислав Давков, а нејзиниот предлог го подржа и Петар Ристевски ------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Други предлози од присутните не беа дадени.------------------------------------------

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање и присутните акционери со 274.169 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на

глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------**О Д Л У К А** -------------------------------------------

---------------------------- **за избор на председавач** -----------------------------------------

**1.** За претседавач на XXXVIII - та седница на собрание на акционери на Стопанска банка АД Битола, што се одржува на ден 11.05.2016 година, се избира претставникот на акционерот ЗК Пелагонија АД Битола Томислав Давков . ---------------------------------------------------------------------------------

**2.** Мандатот на претседавачот трае до наредното собрание на акционери на Стопанска банка АД - Битола ---------------------------------------------------------

**3.** Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.-----------------------------

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Томислав Давков, се заблагодари за довербата и изборот за председавач и продоложи да ја води седницата, со предлог да се продолжи со изборот на работните тела и да се премине кон точка 2.2 од процедуралниот дел од дневниот ред и да се изберат бројачи на гласови.------------------------------------

Од своја страна предложи за бројачи на гласови да се изберат Миле Ивановски и Стево Цветковски. ----------------------------------------------------------

Бидејќи други предлози не беа дадени, председавачот својот предлог го стави на гласање и присутните акционери со 274.169 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------ **О Д Л У К А** ------------------------------------

------------------------ **за избор на бројачи на гласови** ------------------------------

**1.** За бројачи на гласовите при гласањето на на XXXVIII - та седница на собрание на акционери на Стопанска банка АД Битола , што се одржува на ден 11.05.2016 година, се избираат акционерите:------------------------------------------

- Миле Ивановски и-----------------------------------------------------------------------

-Стево Цветковски. --------------------------------------------------------------------

**2.** Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.-----------------------------

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот ги извести присутните акционери дека записникот за оваа седница на собранието го води Нотар Луиза Христова -------------------------------

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот констатира дека процедуралниот дел е исцрпен и предложи да се премине кон работниот дел.--------------------------------------------------------------

Председавачот констатира дека се ова акционерско собрание е објавен следниот ------------------------------------------------------------------------------------

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

--------------------------- **Д Н Е В Е Н Р Е Д** ---------------------------------------------

I. **ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

**1.** Отворање на Собранието на акционери

**2.** Избор на работни тела

**2.1.** Избор на претседавач на Собранието

**2.2.** Избор на 2 бројачи на гласови

**3.** Констатирање на кворум за работа на Собранието

## II. РАБОТЕН ДЕЛ

1. Разгледување на записник од 36. седница на Собранието на акционерите на Стопанска банка а.д. Битола одржана на 25. 3. 2015 година

2. Разгледување на записник од 37. седница на Собранието на акционерите на Стопанска банка а.д. Битола одржана на 16. 12. 2015 година

3. Годишен извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2015 година, со:

   - Мислење од Надзорниот одбор на Банката;
   - Предлог - одлука за усвојување Годишниот извештај и Мислењето од Надзорниот одбор;

4. Извештај за работата на Надзорниот одбор на Стопанска Банка а.д. Битола за 2015 година, од аспект на поединечните членови и колективно, со:

   - Предлог-одлука за одобрување на Извештајот;

5. Извештај за работата на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д Битола за 2015 година, колективно и од аспект на поединечни членови, со:

   - Предлог-одлука за усвојување на Извештајот;

6. Годишен извештај за работата на Секторот за внатрешна ревизија за 2015 година, со:

   - Мислење од Надзорниот одбор на Банката;
   - Предлог-одлука за усвојување на Извештајот и Мислењето од Надзорниот одбор;

7. Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола по годишна сметка за 2015 година со мислење на Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје, со:

   - Мислење од Надзорниот одбор на Банката;
   - Предлог-одлука за усвојување на Извештајот и Мислењето од Надзорниот одбор на Банката;

8. Годишна сметка на Стопанска банка а.д Битола за 2015 година, со:

   - Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка;

9. Деловна политика, развоен и финансиски план на Стопанска банка а.д. Битола за период 2016-2020 година, со:

   - Мислење од Надзорниот одбор на Банката;
   - Предлог-одлука за усвојување на деловната политика, развоен и финансиски план на Стопанска банка а.д. Битола за период 2016-2020 година и Мислењето од Надзорниот одбор;

10. Предлог-одлука за усвојување на листата на нето-должници;

11. Предлог-одлука за соодветност на Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола;

**12.** Предлог-одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2015 година на Стопанска банка а.д. Битола;

**13.** Предлог-одлука за избор на Друштво за ревизија за период од 2016-2017 година;

**14.** Предлог-одлука за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница) по пат на јавна понуда (прва емисија на долгорочни хартии од вредност)

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот го стави на гласање овој дневен ред и акционерите со 274.169 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, го прифатија ваквиот дневен ред --------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во однос на редоследот на точките од дневниот ред, акционерот Олимпија Мицева имаше забелешка во однос на редоследот на точките од дневниот ред, на што председавачот и одговори дека од процедурални и правни причини дневниот ред не смее да се менува, по него мора да се работи онака како е објавен. ---------------------------------------------------------------------------------

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот Томислав Давков истакна дека на секој акционер предлог одлуките по точките од дневниот ред му беа достапни на интернет страната на Банката, како и во просториите на Банката. Исто така дадени се и во писмена форма во материјалите пред почетокот на седницата. Секој присутен акционер, согласно член 391-б, има право да поставува прашања по секоја од точките на дневниот ред. Друштвото чии акции котираат на берза и друштвото кое согласно законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување е должно одговорите на поставените прашања на седница на собранието на друштвото да ги објави на својата интернет страница во формат на прашање и одговор. ---------------
Председавачот го определува редоследот на работата по дневниот ред, а воедно се грижи за одржување на редот на седницата. Натаму ја води расправата по точките од дневниот ред.------------------------------------------------------------------------------

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ПРВА ТОЧКА**.Предаседавачот предложи да се премине кон работниот дел од дневниот ред по 1-та точка од дневниот ред, Разгледување на Записникот од XXXVI - та седница од Собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола одржано на 25.03.2015 година. ---------------------------------------------------
Записникот беше ставен на увид на сите акционери и е составен дел на материјалите за ова собрание, па никој од присутните акционери немаше примедба на записникот и затоа председавачот предложи да се донесе одлука за усвојување на овој записник, па акционерите со 274.169 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната -----------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------- **О Д Л У К А** ---------------------------------------------

СЕ УСВОЈУВА Записникот од XXXVI - та седница од Собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола одржано на 25.03.2015 година, составен во форма на нотарски акт од Нотар Луиза Христова ОДУ бр.251/15

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ВТОРА ТОЧКА**.Предаседавачот предложи да се премине кон 2-та точка од дневниот ред, Разгледување на Записникот од XXXVII - та седница од Собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола одржано на 16.02.2015 година. ----------------------------------------------------------------------------

Записникот беше ставен на увид на сите акционери и е составен дел на материјалите за ова собрание, па никој од присутните акционери немаше примедба на записникот и затоа председавачот предложи да се донесе одлука за усвојување на овој записник, па акционерите со 274.169 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------- **О Д Л У К А** -----------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

СЕ УСВОЈУВА Записникот од XXXVII - та седница од Собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола одржано на 16.12.2015 година, -составен во форма на нотарски акт од Нотар Луиза Христова ОДУ бр.937/15.-

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ТРЕТА ТОЧКА**.Председавачот предложи да се преимине кон третата точка од дневниот ред Годишен извештај за работењето на стопанска банка АД Битола за 2015 година. Се чита мислењето на Надзорниот одбор и се чита предлог одлуката заусвојување на Годишен извештај за работењето на стопанска банка АД Битола за 2015 година, која е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и која е составен дел на материјалите за ова собраните. По ова точка председавачот отвори претрес но никој не се јави за збор.----------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот ја стави на гласање предлог одлуката за усвојување на Годишен извештај за работењето на стопанска банка АД Битола за 2015 година, па акционерите со 274.169 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната --------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------- **О Д Л У К А** -----------------------------------

**За усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2015 година**

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2015 година, заедно со писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор.-----------------------------------------------------------

**Член 2**

Извештајот од претходниот член претставува составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на усвојување од страна на Собранието.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ЧЕТВРТА ТОЧКА.** Председавачот предложи да се премине кон четвртата точка од дневниот ред Извештај за работата на Надзорниот Одбор на Стопанска банка АД Битола за 2015 година од аспект на поединечните членови и колективно. Предлог одлуката е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и е составен дел на материјалите

за ова собрание.Председавачот отвори претрес по ова точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор.----------------------------------------------------------------

Председавачот предложи од аспект на извештајот за работа на Надзорниот одбор, да се спроведе постапка за поединечно гласање за секој член поединечно, а потоа да се гласа за текстот на предлог одлуката во целина. При спроведеното поединечно гласање сите членови на Надзорниот одбор Ненад Јосифовиќ, Панче Нефтенов, Кирил Митровски, Иванчо Велјановски, Дејан Панделевски, Александра Радевска и Коста Костадиновски, добија ист број на гласови, секој по 274.169 гласови ЗА поединечно и колективно за одлуката во целина, па се констатира дека акционерите со 274.169 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------ **О Д Л У К А** ------------------------------------------

**За усвојување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Стопанска Банка а.д. Битола за 2015 година, од аспект на поединечните членови и колективно**

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Стопанска Банка а.д. Битола за 2015 година, од аспект на поединечните членови и колективно.------------------------------------------------------------------------------------

**Член 2**

Извештајот од претходниот член претставува составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на усвојување од страна на Собранието.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ПЕТТА ТОЧКА.** Се премина кон петтата точка од дневниот ред Извештај за работата на Одборот за ревизија на Стопанска банка АД Битола за 2015 година, колективно и од аспект на поединечните членови. Предлог одлуката е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и е составен дел на материјалите за ова собрание. Председавачот отвори претрес по ова точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор.----------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот предложи од аспект на извештајот за работа на Одборот за ревизија да се спроведе постапка за поединечно гласање за секој член поединечно, а потоа да се гласа за текстот на предлог одлуката во целина. При спроведеното поединечно гласање сите членови на Одборот за ревизија Жарко Мохајловски, Ненад Јосифовиќ, Панче Нефтенов, Дејан Панделески и Стевчо Јолакоски, добија **ист број на гласови, секој по 274.169 гласови ЗА** при поединечно, но при колективно гласање за одлуката во целина, акционерите со 270.672 гласови ЗА што претставуваат 98,72% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и 3.497 гласови ВОЗДРЖАНИ, ја донесоа следната ---------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------- **О Д Л У К А** -------------------------------------------

**За усвојување на Годишен извештај за работата на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д Битола за 2015 година, со оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај за работата на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д Битола за 2015 година, со оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно.-----------------------------------------------------------

**Член 2**

Годишниот извештај за работата на Одборот за ревизија на Стопанска банка а.д Битола за 2015 година, со оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно претставува прилог на оваа Одлука. ----------------------------

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на усвојувањето од страна на Собранието на Банката.-----------------------------------------------------------------------------------

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ШЕСТА ТОЧКА**.Председавачот предложи да се преимине кон шестата точка од дневниот ред Годишен извештај за работата на Секторот за внатрешна ревизија за 2015 година. Се чита мислењето на Надзорниот одбор и се чита предлог одлуката заусвојување на Годишен извештај за работата на Секторот за внатрешна ревизија за 2015 година која е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и која е составен дел на материјалите за ова собраните. По ова точка председавачот отвори претрес и бидејки никој не се јави за збор предлог-одлуката беше ставена на гласање. ------------------------------------------------------------------------------------

Акционерите со 274.169 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------ **О Д Л У К А** ------------------------------------------

**за усвојување на Годишен извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија за 2015 година**

----------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Секторот за внатрешна ревизија за 2015 година. -----------------------------------------------------------------

**Член 2**

Годишниот извештај претставува прилог на оваа Одлука.---------------------------

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на усвојувањето од страна на Собранието на Банката.----------------------------------------------------------------------------

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**СЕДМА ТОЧКА**. Се премина на разгледување на седмата точка од дневниот ред Извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола по годишна сметка за 2015 година со мислење на ревизорската куќа Grand Thornton ДОО Скопје. Председавачот кажа дека овој извештај, со предлог одлуката и мислењето на Надзорниор Одбор се објавени на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните.Председавачот збор и даде на претставникот на Grand Thornton ДОО Скопје, Сузана Ставриќ .----------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------

Сузана Ставриќ изјави дека ревизорската куќа извршила ревизија на финансиските извештаи по годишната сметка за 2015 година, според сите меѓународни стандарди.Финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола објективно ја изразуваат финансиската состојба на банката, резултатите од работењето и паричните текови. Покрај ова согласно законската регулативе, даваат и мислење за конзистентноста на финансиските информации кои се содржани во годишните извештаи за работа на банката, со оние вклучени во годишната сметка и во ревидираните финансиски извештаи. Мислење на ревизорската куќа е дека сите овие финансиски информации, се конзистентни.---------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Председавачот отвори претрес по ова точка и бидејќи никој не се јави за збор Предлог одлуката по ова точка од дневниот ред ја стави на гласање и акционерите со 270.672 гласови ЗА што представуваат 98,72% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и 3.497 гласови ВОЗДРЖАНИ што представуваат 1,28% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ја донесоа следната -----------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------- **О Д Л У К А** ---------------------------------------------

**За усвојување на Извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола по годишна сметка за 2015 година со мислење на Друштвото за ревизија Grand Thornton ДОО Скопје**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА, Извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола по годишна сметка за 2015 година со мислење на Друштвото за ревизија Grand Thornton ДОО Скопје.-------------

**Член 2**

Извештајот од претходниот член претставува составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на усвојување од страна на Собранието.--
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ОСМА ТОЧКА.** Се премина на разгледување на осмата точка од дневниот ред Годишна сметка на Стопанска банка АД Битола за 2015 година со предлог одлука за усвојување. Председавачот констатира дека предлог одлуката за усвојување на Годишна сметка на Стопанска банка АД Битола за 2015 година, е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните. Председавачот отвори претрес по ова точка, бидејќи никој не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 270.679 гласови ЗА што представуваат 98,72% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и 3.497 гласови ВОЗДРЖАНИ што представува 1,28%, од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ја донесоа следната -------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------- **О Д Л У К А** ---------------------------------------------

**за усвојување на Годишната сметка на Стопанска банка а.д. Битола на 31.12.2015 година**

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

Се усвојува Годишната сметка на Стопанска банка а.д. Битола за 2015 година со следните биланси:

Биланс на состојба на 31. 12. 2015 година и

Биланс на успех од 01. 01 до 31. 12. 2015 година

**Член 2**

Во Билансот на состојба се искажани следните состојби:

| | |
|---|---|
| Вкупна актива | 9.630.204.064,00 денари |
| Вкупна пасива | 9.630.204.064,00 денари |

**Член 3**

Во Билансот на успех за утврдување на добивката вкупните приходи и расходи изнесуваат:

| | |
|---|---|
| 1. Приходи | 583.220.434,00 денари |
| 2. Расходи | 574.088.779,00 денари |
| 3. Добивка | 9.131.655,00 денари |

**Член 4**

Остварената бруто-добивка изнесува 9.131.655,00 денари и се состои од:

| | |
|---|---|
| 1.Данок на добивка | 1.289.652,00 денари |
| 2.Нето-добивка | 7.842.003,00 денари |

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува со 31. 12. 2015 година.

БИЛАНС НА СОСТОЈБА
на ден 31.12.2015 година

| Ред. Бр. | П О З И Ц И Ј А | Ознака на АОП | И З Н О С<br>Претходна<br>Тековна година | година |
|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | |
| 1 | Парични средства и сметки кај банки | 140 | 2.848.412.320 | 2.293.413.396 |
| 2 | Вложувања во должнички хартии од вредност кои може да се користат за рефинансирање во НБРМ | 141 | 682.139.420 | 695.185.357 |
| 3 | Кредити на и побарувања од банки | 145 | | |
| 4 | Кредити на и побарувања од други комитенти | 150 | 4.705.714.539 | 5.598.058.200 |
| 5 | Должнички хартии од вредност | 154 | 49.630.505 | 428.593.432 |
| 6 | Вложувања во сопственички инструменти | 159 | 25.393.571 | 25.394.037 |
| 7 | Нематеријални средства | 169 | 9.126.764 | 10.239.755 |
| 8 | Материјални средства | 175 | 292.224.032 | 320.584.333 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Останати средства | 179 | 301.802.193 | 248.506.560 |
| 10 | Одложени приходи и однапред платен трошоци | 193 | 4.595.420 | 10.228.994 |
| **11** | **ВКУПНА АКТИВА** | **194** | **8.919.038.764** | **9.630.204.064** |
| 12 | 0бврски кон банки | 196 | 652.034.765 | 1.001.765.611 |
| 13 | Обврски кон други комитенти | 202 | 6.919.599.119 | 7.279.256.547 |
| 14 | Останати обврски | 207 | 66.249.070 | 64.670.699 |
| 15 | Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 222 | 17.794.051 | 17.648.635 |
| 16 | Резервирање за ризици и обврски | 223 | 2.626.219 | 3.129.214 |
| 17 | Запишан цапитал | 229 | 1.172.931.000 | 1.172.931.000 |
| 18 | Премии на акции | 230 | 645.000 | 645.000 |
| 19 | Законски резерви | 232 | 27.269.073 | 62.143.327 |
| 20 | Ревалоризациски резерви | | 25.016.213 | 20.172.028 |
| 21 | Добивка за финансиската година | 236 | 159.731.305 | 7.842.003 |
| 22 | Загуба за финансиската година | 237 | | |
| 23 | Пренесена загуба | 238 | 124.857.051 | |
| **24** | **ВКУПНА ПАСИВА** | **241** | **8.919.038.764** | **9.630.204.064** |
| 25 | Вонбилансна евиденција-пасива | 242 | 15.504.317.342 | 17.613.248.840 |
| 26 | Вонбилансна евиденција-пасива | 242 | 15.504.317.342 | 17.613.248.840 |

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ДЕВЕТТА ТОЧКА.** Се премина на разгледување на деветтата точка од дневниот ред Деловна политика, развоен и финансиски план на Стопанска банка АД Битола за 2016-2019 година со предлог одлука за усвојување.СЕ чита мислењето на Надзорниот одбор и предлог одлката Претседавачот констатира дека предлог одлуката за Деловна политика, развоен и финансиски план на Стопанска банка АД Битола за 2016-2019 година со мислењето од НО, е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните. Претседавачот отвори претрес по ова точка, па за збор се јави акционерот Олимпија Мицева, која праша зошто во деловната политика на банката, се намалуваат резервите, кои се тие побарувања кои не се наплатени и каков деловен објект ќе се гради. --------------------------------------------------------------------

На ова прашање одговори членот на УО М-р Гордана Балтовска: станува збор за нефункционални побарувања 100% кои се отпишани, кои ќе се наплатат до 2018 година, па ќе се ослободат и резервациите. Овие побарувања ќе се наплатат со имот, па ќе се зголемат перформансите на банката. Станува збор за поголемо нефинкционално побарување кое во 2014 година е делумно наплатено во кеш во износ од 4.000.000,00 еур, а остатокот ќе се наплати во 2018 година со имот, со што ќе се зголемат финансиските перформанси на банката. За повеќе поединести, во секое време може да се разговата во просториите на банката. ------------------------------------------------------

Бидејки никој друг не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 269.754 гласови ЗА што представуваат 98,39% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и 4.415 гласови ВОЗДРЖАНИ што представуваат 1,6% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ја донесоа следната --------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------- **О Д Л У К А** ---------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------

**За усвојување на Деловна политика, развоен и финансиски план на Стопанска банка а.д. Битола за период 2016-2020 година**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Деловната политика, развојниот и финансискиот план на Стопанска банка а.д. Битола за период 2016-2020 година, заедно со писменото мислење по истатата, изготвено од страна на Надзорниот одбор.-----------------------

**Член 2**

Деловната политика, развојниот и финансискиот план на Стопанска банка а.д. Битола за период 2016-2020 година од претходниот член претставува составен дел на оваа Одлука.---------------------------------------------------------------------------------

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на усвојување од страна на Собранието. ////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////// //////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ДЕСЕТТА ТОЧКА**. Се премина на разгледување на десеттата точка од дневниот ред Предлог одлука за усвојување на листата на нето должници на Стопанска банка АД Битола за 2015 година со предлог одлука за усвојување. Се чита предлог одлуката. Председавачот отвори претрес по ова точка, и за збор се јави акциоерот Олимпија Мицева. ---------------------------------------------

Акционерот Олимпија Мицева праша зошто не е објавена листата на на нето должници ---------------------------------------------------------------------------------

Членот на Управниорт одбор М-р Гордана Балтовска одговори дека листата на нето должници не се објави, бидејки имаше реакција од здружение на банки, дека се работи за заштита на личните податоци. Секој од акционерите може во просториите на банката да ја види листата на нето должници, со претходно потпишување на изјава за доверливост.------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------

Бидејки никој друг не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 270.672 гласови ЗА што представуваат 98,72% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и 3.497 гласови ВОЗДРЖАНИ што представуваат 1,28% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ја донесоа следната ---------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------- **О Д Л У К А** ---------------------------------------------

**За усвојување на листата на нето должници на Стопанска банка а.д.Битола во 2015 година**

**Член 1**

Се усвојува листата на нето должници на Стопанска банка а.д. Битола во 2015 година. -----------------------------------------------------------------------

**Член 2**

Составен дел на одлуката претставува листата на нето должници на Банката во 2015 година.-------------------------------------------------------------------------------

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на усвојувањето од страна на Собранието на Банката.--------------------------------------------------------------------------
//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА.** Се премина на разгледување на единаесеттата точка од дневниот ред Предлог одлука за соодветност на Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка АД Битола. Се чита предлог одлуката. Председавачот отвори претрес по ова точка, бидејки никој не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 274.169 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------- **О Д Л У К А** ---------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**за соодветност на Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола**

**Член 1**

Кодексот на корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) НО бр.02-2482/I-3 од 26.03.2015 година, ги уредува основните начела и принципи на корпоративното управување во Банката, како збир од заемни односи меѓу Управниот одбор, другите лица со посебни права и одговорности кои извршуваат раководна функција во Банката, Надзорниот одбор, акционерите на Банката и другите заинтересирани субјекти. ------------------------------------------------

**Член 2**

Кодексот на корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола е во согласност со Законот за банките, Законот за трговските друштва и во согласност со Одлуката за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка донесена од Народна банка на РМ.--------------------------------------------------

**Член 3**

Во согласност со членовите 1 и 2 од оваа Одлука, Кодексот на корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола е соодветен со видот и обемот на финансиските активности кои ги врши Банката.-------------------------------------------

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.-------------------------
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА**. Се премина на разгледување на дванаесеттата точка од дневниот ред Предлог одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2015 година на Стопанска банка а.д.Битола. Се чита предлог одлуката. ---------------------------------------------

Акционерот Нада Даркова стави само забелешка дека ова точка од дневниот ред треба да се разгледува веднаш после осмата точка со која се усвојува годишната сметка ---------------------------------------------------------------------------

Председавачот отвори претрес по ова точка, бидејки никој не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 274.169 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------- **О Д Л У К А** ---------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**За употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2015 година на Стопанска банка а.д. Битола**

**Член 1**

Стопанска банка а.д. Битола остварената нето-добивка по Годишната сметка за 2015 година, во износ од 7.842.003,00 денари, ја распоредува како следува:-----------

- 7.842.003,00 денари се распоредува во законски резерви.------------------------

**Член 2**

Се задолжува Секторот за поддршка и финансии да ја реализира Одлуката.---------

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по потврдувањето од Собранието на Банката.-----------------------------------------------------

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА.** Председавачот предложи да се премине кон ова точка од дневниот ред Предлог-Одлука за избор на друштво за ревизија за периодот од 2016-2017 година. Се чита предлог одлуката. Председавачот констатира дека предлог одлуката е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните ---------------------------------------------------------------------------------

Председавачот отвори претрес по ова точка, бидејки никој не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 270.679 гласови ЗА што представуваат 98,72% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и 3.497 гласови ВОЗДРЖАНИ што представува 1,28%, од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ја донесоа следната ---------------------------

---------------------------------------- **О Д Л У К А** ----------------------------------------

**За избор на Друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола за периодот 2016-2017 година**

**Член 1**

За Друштво за ревизија на работењето на Стопанска банка а.д. Битола за периодот 2016-2017 година се избира Друштвото за ревизија ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје.-

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.------------------------

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА.** Председавачот предложи да се премине кон ова точка од дневниот ред Предлог-Одлука за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница) по пат на јавна понуда ( прва емисија на долгорочни хартии од вредност. Се чита предлог одлуката. Председавачот констатира дека предлог одлуката е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните ---------------------------------------------------------------

Председавачот Томислав Давоквв им објасни на акционерите дека предметната Предлог одлука, а имајќи во предвид дека истата е предмет на одобрување од Народната Банка на Република Македонија, Банката доби насоки од НБРМ да изврши одредени измени дополнување и тоа : во член 2 точка бр.13 со наслов

“Роковите на исплата на номиналната вредност на обврзницата и каматата” како и дополнување на точка бр. 16 со наслов “Правната положба односно субординираноста на хартијата од вредност“. Воедно согласно добиените насоки од НБРМ се брише последниот став од точка бр. 17 од истиот член насловена „Ограничувања кои ги носат хартиите од вредност, а кои служат за заштита на идните купувачи на хартиите од вредност“. ------------------------------------------

Имајќи го во предвид фактот што во во членот 5 од Предлог Одлуката, Управниот одбор на Банката е овластен да изврши соодветни измени на Предлог одлуката со цел превземање на сите неопходни чекори кои ќе произлезат во согласност законската и подзаконската регулатива за успешно спроведување на оваа Одлука, Управниот одбор на Банката ги изврши соодветните измени на Предлог Одлуката согласно добиените насоки од НБРМ и така изменетата Предлог Одлука ја проследува на разгледување и усвојување од страна на собранието на акционерите. Вака изменетиот пречистен текст на Предлог Одлуката се доставува на увид на самата седница и истата е дел од собраниските материјали. ------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот отвори претрес по предлог одлуката.---------------------------------

Акционерот Олимпија Мицева праша дали ова корпоративна обврзница е одобрена од НБ и дали при нејзината исплата може да се случи да се плаќа со капиталот на банката, во кој случај би се намалил капиталот на банката. ------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Одговор даде членот на УО М-р Гордана Балтовска, која кажа дека за да се издаде ова обврзница не е потребна формална согласност од НБРМ, иако за цело време имаат координација со Народна банка, но согласноста е во насока, дека НБ ќе ја признае обврзницата како субординиран долг, односно како дополнителен капитал на банката. После ова само се известува НБ дека одлуката е оперативна. ------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерот Игор Неделковски постави неколку прашања: зошто се оди со ваква обврзница, а не со емисија на акции; какво е мислењето на УО, односно дали сметаат дека исплатата на обврзниците и каматата ќе ја намали можноста за исплата на дивиденда, дали со вакви хартии постои искуство кај други банки во РМ и какви се тие искуства. -------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Одговор даде членот на УО М-р Гордана Балтовска, која кажа дека емисијата на акации е трајна, а издавањето на ова обврзница е субординиран долг. Сега банката е капитализирана. Стапката на адекватност на капиталот на банката е висока, два пати поголема од законскиот минимум кој изнесува 8%, а банката има 19,54% заклучно со 31.12.2015 година. Планираниот раст од 13,5% просечен годишен пораст, мора да е поткрепен со капитал. Оваа обврзница е еден од изворите на капитал, со капитализирање на добивката, инструмент кој продуцира пораст. Слични вакви искуства имало во пракса кај две банки во Македонија, Прокредит банка и НЛБ Тутунска, кои се позитвни, но нивните обврзници ги неамаа сите компоненти кои ги има оваа обврзница, во делот на можноста за адекватност на капиталот. Редоследот на исплаќање на обврзницата се знае, прво се исплаќа од добивката, па од резервите и последно од капиталот. Но тоа нема и не треба да се случи бидејки постојат многу инструменти кои тоа нема да го дозволат. ----------------------------------

Акционерот Нада Даркова кажа дека акционерскиот капитал е заштитен. ----

М-р Гордана Балтовска продолжи и кажа дека со обврзницата се започнува во 2016 година, капиталот од неа ќе се задржи 5 години со 20% годишна амортизација, кој во многу ќе помогне зајакнување на фкупниот финансиски потенцијал на банката. ----------------------------------------------------------------------------------

Бидејки никој друг не се јави за збор, предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 269.754 гласови ЗА што представуваат 98,39% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и 4.415 гласови ВОЗДРЖАНИ што представуваат 1,6% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ја донесоа следната -----------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------ **ОДЛУКА** ------------------------------------------

**За издавање на долгорочни должнички хартии од вредност(корпоративна обврзница) по пат на јавна понуда**
**(прва емисија на обврзници)**

**Член 1**

Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола одобрува издавање на корпоративна обврзница по пат на јавна понудаво износ од 5.000.000ЕУР (пет милиони евра).

**Член 2**
**(Елементи на обврзницата)**

| | |
|---|---|
| 1. Издавач на обврзницата | Стопанска банка а.д. Битола со седиште на ул. Добривое Радосављевиќ бр. 21-Битола. |
| 2. Предмет на регулирање | Издадената корпоративна обврзница ќе се користи за зголемување на капиталот на банката. |
| 3. Начин на издавање | По пат на јавна понуда. |
| 4. Вид на должничките хартии од вредност и правата што произлегуваат од нив | Долгорочна обврзница со каматен принос (купонска), неограничено преносива, во нематеријализиран облик, гласи на име. |
| 5. Количина и апоенска структура на хартиите од вредност | 5.000.000 лота |
| 6. Номинална вредност на хартиите од вредност што се издаваат | 1 ЕУР |
| 7. Продажна цена на хартиите од вредност | Обврзниците ќе се понудат по почетна цена од 1 ЕУР (во денарска противредност на денот на уплата). |
| 8. Вкупна вредност на емисијата | 5.000.000 ЕУР (пет милиони евра). |
| 9. Целта поради која се издаваат хартиите од вредност и намената на средствата од емисијата | Зајакнување на капиталната сила и вкупниот финансиски потенцијал на Банката со што Банката планира да ги оствари планираните бизнис цели утврдени во Деловната политика, развојниот и финансиски план за период 2017-2021 година. |
| 10. Податоци за гарантот | Обврзницата не е гарантирана, односно не е покриена со друг вид обезбедувања од страна на банката или лице поврзано со банката. |
| 11. Серија на хартите од вредност | Прва серија. |
| 12. Висина на каматната стапка, начин на пресметување и исплата на истата | Каматна стапка ќе изнесува од 3,25% до 4,25%, а истата ќе биде фиксирана пред да се понудат за продажба во согласност со условите на пазарот. Исплата еднаш годишно во денарска противредност на денот на уплата. Фиксна каматна стапка. |
| 13. Роковите на исплата на номиналната вредност на обврзницата и каматата | Првата исплата на каматата ќе започне по истекот на дванаесет месеци од денот на настанатиот прилив на парични средства во банката, а ќе заврши по истекот на пет години и три месеци . Главницата ќе се исплати во целосен износ заедно со последната исплата на каматата, односно по истекот на пет години и три месеци од датумот на настанатиот прилив на парични средства во банката врз основа на овие хартии од вредност. |
| 14. Висина на основната главнина на | Основна главнина на банката изнесува 1.172.931.000 денари, |

| | |
|---|---|
| издавачот и процентот на учество на емисијата | а обврзницата во основната главнина учествува со 26,30 %. |
| 15. Извори на средства од каде што ќе бидат отплаќани должничките хартии од вредност | Обврзницата ќе се отплаќа од добивката на банката и од капиталот на банката, односно од резервите и акумулираната добивка. |
| 16. Правната положба односно субординираноста на хартијата од вредност | Обрзниците кои се предмет на издавање се субординирани и содржат клаузула за субординација односно клаузула според која во случај на стечај или ликвидација на банката, обврските по основ на издадената обврзница ќе бидат исплатени пред намирување на обврските на акционерите на банката и носителите на хибридни инструменти, но по намирување на обврските кон останатите доверители.<br>Обрзниците кои се предмет на издавање не може да се користат како обезбедување на побарувањата и потенцијални обврски на банката.<br>Обрзниците кои се предмет на издавање ќе можат да се користат за покривање на загубите во случај на стечај или ликвидација на банката<br>Во случај на нови емисии на долгорочни должнички хартии од вредност, оваа обврзница ќе има приоритет на исплата.<br>Не можат да бидат исплатени или откупени од страна на банката, пред рокот на достасување освен во случај на нивно претворање во обични или некумулативни приоритетни акции на банката или во хибридни инструменти на банката, согласно прописите<br>Содржат одредба според која како субординиран инструмент немаат третман на депозит ( штеден влог) и не е предмет на осигурување од страна на Фондот за осигурување на депозити |
| 17. Ограничувања кои ги носат хартиите од вредност, а кои служат за заштита на идните купувачи на хартиите од вредност | Не постојат ограничувања кои ги носат хартиите од вредност, односно слободно може да се тргуваат и трансферираат на секундарен пазар. |
| 18. Начин, време и место на запишување на хартиите од вредност | Јавно понудени преку јавна понуда преку Берза во согласност Правилата за тргување. |
| 19. Начин и краен рок на уплата на запишаните хартии од вредност | Преку јавна понуда на Македонската берза. Уплатата ќе се изврши во денари по среден курс на НБРМ на посебна сметка во банката која не може да биде користена од издавачот се додека јавната понуда не биде успешно завршена.<br>Рокот за запишување и уплата е 3 месеци од денот на започнување на запишувањето и уплатата. |
| 20. Начин на кој се објавува издавањето на хартиитеод вредност | Проспект за јавна понуда. |
| 21. Постапка за распределба на хартиите од вредност, во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии одвредност од понудените, во случај наиздавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда | Распределбата на обврзниците ќе се врши согласно Правилата за регулирање на начинот на запишување на јавно понудени хартии од вредност преку берза. |
| 22. Преносливост на хартијата од вредност | Обврзниците се неограничено преносливи. |
| 23. Процентот на успешност во случај на јавна понуда односно процентотназапишување и уплата нахартии од вредност за да јавната понуда се смета за успешна | Над 60% од вкупната емисија. |
| 24. Начинот и рокот за враќање на вложените средствана инвеститорите когајавната понуда е неуспешна | Враќањето на средствата ќе се изврши во рок од 8 дена на трансакциски банкарски сметки на купувачите зголемени со соодветна депозитна камата. |

**Член 3**

Во случај на доцнење на исплата на камата, односно главнината на обврзницата, после истекот на роковите Банката се обврзува да им плати на имателите законска затезна камата.-----------------------

**Член 4**

Обврзницата се регистрира во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Правото на сопственост и правото на располагање се стекнува со денот на регистрација на обврзницата кај централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.---------------------------------------------------

**Член 5**

Собранието на Стопанска банка АД Битола го овластува Управниот одбор поблиску да ги определи моделот на запишување на јавно понудените хартии од вредност на берза начинот на продажба, цената (висината на каматната стапка во рамки на распонотод 3,25% до 4,25%) и начинот на пресметка и исплата на истата,да отвори посебна сметка во банка на која ќе се примаат уплатите и да ги доуреди сите други и неопходни чекори кои ќе произлезат во согласност законската и подзаконската регулатива од Законот за хартии од вредност и Законот за трговски друштва и Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот за реализација на емисијата на обврзници и да врши измени и дополнување на оваа одлука доколку е тоа потребно за успешно спроведување на оваа Одлука.------------------------------------------------------------------------------------

**Член 6**

Оваа Одлука стапуваво сила со денот на донесувањето и истата ќе се спроведе во рок од 12 месеци од денот на нејзино донесување. -----------------------------------------------------------------------------

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Откако се исцрпи дневниот ред, Председавачот, им се заблагодари на присутните акционерти и 38-та седница на собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола ја прогласи за затворена во 14 часот и 10 минути.-----------------------------------------------------------------------------------

Председавач со Собранието на акционери
с.р.
----------------------------------------
Томислав Давков

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Јас **Нотар ЛУИЗА ХРИСТОВА П О Т В Р Д У В А М** дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Председавачот на собранието -------------

Председавачот со акционерското Собрание Томислав Давков го потпиша записникот и списокот на присутни акционери и изјави дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. ------------------------------------------------------------------

Овој акт е составен лично од нотарот и се состои од 18 листови и 18 страни----

Изворникот со придружната документација останува кај нотарот, а Стопанска банка АД Битола добива изводи и снимано ЦД од седницата на Собранието на акционери -------------------------------------------------------------------

Нотарската такса за заверка по тарифен број 27 од Законот за судски такси во врска со чл.144 став 4 од ЗН во износ од 500,00 денари е наплатена Нотарската награда е пресметана во износ од 14.000,00 денари и трошоци 1.260,00 денари, согласно чл.44 и 55 од Нотарска тарифа ---------------------------

**ОДУ бр.378/16**

Битола 11.05.2016- единаесетти мај дваилјади и шеснаесетта година-----------

Томислав Давков с.р.
----------------------------------------

**НОТАР**
**ЛУИЗА ХРИСТОВА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, За подрачјето на Основниот суд во, НОТАР ЛУИЗА ХРИСТОВА БИТОЛА

**Јас, НОТАР ЛУИЗА ХРИСТОВА**
**за подрачјето на Основниот суд Битола**

потврдувам дека е овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е **прв** **извод** - потполн - во извадок , кон кого **не се приложени** преписи од прилозите на нотарскиот акт.

**Број: ОДУ378/2016** **Н О Т А Р**
**Во Битола 11.05.2016 год.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР ЛУИЗА ХРИСТОВА БИТОЛА